**05 мај, 2020 година**

Рурална Коалиција – Куманово во рамките на проектот "Преку регулирана транспарентност и отчетност до партиципативна и одржлива Рурална Коалиција", а за потребите на спроведување на процесот на стратешко планирање на организацијата објавува Оглас за избор на надворешен соработник – експерт или консултантска куќа за изработка на стратегиски план за развој на организацијата за наредниот 4-годишен период (2021-2025).

Експертот/консултантската куќа ќе има за задача да го спроведе процесот на ревизија на веќе постоечката стратегија за организациски развој на Коалицијата, како и да го организира и спроведе процесот на изработка на нова стратегија и тоа по следниот редослед:

- Ревизија на постоечката стратегија на организацијата – 2 дена;
- Организирање и одржување на дводневна работилница со тимот на Коалицијата и здруженијата/членки – вкупно 4 денови;
- Доработка на стратешкиот план на организацијата и менторска поддршка - 4 денови.

Ангажманот ќе трае вкупно 4 месеци, започнувајќи од месец мај, па се до месец август 2020 година. Како дополнителен продукт од процесот на стратешко планирање треба да произлезе и правилник за комуникација помеѓу членките во Коалицијата и кон надвор, односно кон пошироката јавност. Вкупно за овој ангажман предвидени се **10 работни денови**.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот севкупно е:

**Резултат 2:** Ревидиран и унапреден стратешки пристап на регулирање на работата на Коалицијата и воспоставени редовни канали на комуникација и консултација со членството

**Квалификации на експертот или лицата кои што ќе ги понуди консултантската куќа**:

- Универзитетско образование;
- Одлично развиени комуникациски, интерперсонални и фасилитаторски вештини;
- Минимум 5 години искуство во подготовката на стратешки документи и модерирање/фасилитирање на работилници и процеси на стратешко планирање;
- Работењето и познавањето на процесот на делување на граѓанските организации ќе се смета за предност

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот или правните лица треба да доставaт професионална биографија на експертите (CV) и финансиска понуда најдоцна до **13 мај 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

Проектот е ре-грантиран во рамките на програмата "Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации" која што ја спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС), во периодот од 2018 до 2021 година, а финансирана од Европската Унија (ЕУ).

Проектот е финансиран од Европската Унија

Програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации" ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС)"